РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА
"ИНСТИТУТ" Акционерско друштво
Бр. 01-41
29.04. 2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 387 и 388 од Законот за трговските друштва (Сл.весник на Р.М. бр. 28/04) и одредбите на Статутот на РЖ ИНСТИТУТ АД Скопје, Одборот на директори на Акционерското друштво РЖ ИНСТИТУТ А.Д. Скопје, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
***За учество во работата на Собранието на акционери***
**на РЖ ИНСТИТУТ АД Скопје**

Годишното Собрание на Акционерското друштво РЖ ИНСТИТУТ А.Д. Скопје, ќе се одржи на **28.05.2013** год (Вторник) со почеток во 12,00 часот во просториите на Друштвото, со следниот дневен ред:

**Д н е в е н  р е д**

**I. Процедурален дел**
I.1.Утврдување на кворум за работа.
I.2.Избор на Претседавач на Собранието.
I.3. Избор на бројачи на гласови.
**II. Работен дел**
1. Усвојување на Записникот од последнато одржано Собрание на акционерското друштво.
2. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на акционерското друштво и разгледување на извештајот на овластениот Ревизор во деловната 2012 година.
3. Расправа и донесување Одлука за одобрување на работата и за водење на работењето на друштвото од страна на членовите на Одборот на директори во 2012 год. (ова расправа е поврзана со претходната точка од дневниот ред)
4. Донесување Одлука за распределба на остварената нето добивка утврдена по годишна сметка за деловната 2012 година.
5. Донесување на Одлука за отповикување на членовите на Одборот на директори
6. Донесување на Одлука за избор на членови на Одборот на директори
7. Донесување на Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за деловната 2013 година.

Во работата на Годишното собрание можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување .

Услов за учество во работата на Годишното собрание е пријавувањето на акционерот или овластениот представник или застапник со полномошно за претставување и застапување на акциите најдоцна пред почетокот на одржување на седницата на Годишното собрание.

Акционерите кои ќе овластат полномошник на седницата на Собранието на друштвото со давање полномошно во писмена форма се без обврска да го заверат полномошното на Нотар и треба веднаш да го известат друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма.

Акционерот кој нема да го извсти друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномиошното.

Собранието одлучува само за прашања утврдени во Дневниот ред.
Вклучување нови точки во дневниот ред, предлагање одлуки и поставување на прашања може да се врши по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повикза одржување на седница на собранието со барање на вклучување на нови точки во дневниот ред и поставување на прашања доставени до друштвото.

Гласањето на Годишното собрание може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата

Материјалите за работа на седницата на Годишното собрание ќе бидат ставени на увид од денот на објавата на јавниот повик секој работен ден од 12-14 часот во просториите на РЖ ИНСТИТУТ АД Скопје, што се наоѓа на ул.16-та Македонска бригада бр.18,

Официјалната интернет страница на друштвото е **www.rzinstitut.com.mk**

**РЖ ИНСТИТУТ АД СКОПЈЕ**
**Одбор на директори**

РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА "ИНСТИТУТ" Акционерско друштво 1 СКОПЈЕ